Back



***Драги читатели,***

Имам чест и задоволство да Ви го претставам најновото издание на годишникот за работа на Царинската управа на Република Македонија за 2003 година. Царинската управа постои од самиот почеток на основањето на современата македонска држава, која покрај историската улога, има мошне значајна развојна улога и Визија за иднината.

На следниве неколку страници ќе се обидеме да Ви го прикажеме профилот на Царинската управа на дескриптивен и целосен начин. Во исто време ќе се обидеме на јавноста да и ја прикажеме улогата на царинската служба во модерното општество и нејзините достигнувања во 2003 година.

Живеејќи во "општество на информации", многу е важно пошироката јавност да биде запознаена со улогата на Царината во општеството и со работата што ја извршува, како и со видот на услугите што ги овозможува царинската служба.

Работата на Царината воглавно е позната, иако постојат некои аспекти и нови производи-услуги кои треба да бидат прикажани, со цел да бидат поддржани од граѓаните.

Во периодот на информатичкото општество, информациите за развојот на новите услуги што ги пружа Царината, во напорите за модернизација на Царинската управа и за олеснување на трговијата се многу корисни и нивното обновување се смета за значителен развоен фактор.

Имајќи ја оваа цел, ние имаме амбиција да играме активна улога во развојот на Република Македонија и да придонесуваме за доброто на граѓаните на модерен, пријателски и професионален начин.

***Љубомир Михајловски***

*Директор*

## МИСИЈА

Царинската Управа на Република Македонија постои за потполно и на ефикасен начин да им служи на Владата и граѓаните на Република Македонија со обезбедување на навремено и ефикасно прибирање на царинските и другите давачки и спречување на внесување на нелегална стока во земјата. Ова може да се оствари со системи и работење кое реално ќе ја олеснуваат меѓународната трговија и ќе придонесува за одржлив економски развој преку спроведување ефикасни, брзи и лесно разбирливи постапки во опкружување кое што обезбедува целосна заштита на приходите и целосно спроведување на законските забрани и на законот воопшто.



## ОРГАНИЗАЦИОНА ШЕМА




Кликнете на сликата за зголемување на приказот

## НАПЛАТА НА ПРИХОДИ ОД ЦАРИНА И ЦАРИНСКИ ДАВАЧКИ

На 4 април 2003 година, Република Македонија стана членка на Светската Трговска Организација. Пристапувањето во Светската Трговска Организација резултираше со донесување на нов Закон за царинска тарифа, каде настанаа значителни намалувања на висината на царинските стапки, како резултат на вметнувањето на обврските кои произлегоа од Протоколот за пристапување кон Светската Трговска организација. Во просек царинските стапки беа намалено за околу 30%.

Во текот на 2003 година исто така продолжи трендот на либерализација на надворешно трговското работење, како резултат на годишните намалувања на царинските стапки според временските табели од Договорите за слободна трговија. Кон групата на земји кои имаат склучено преференцијална трговија со Република Македонија во 2003 година се приклучија и Романија и Украина.

Во вкупниот увоз, преференцијалниот увоз (Словенија, Србија и Црна Гора, Хрватска, Бугарија, Турција, Европска Унија, ЕФТА, Босна и Херцеговина, Албанија, Романија и Украина) учествуваше со околу 80% како резултат на склучените договори за слободна трговија. Имајќи ги во вид сите овие околности на општо намалување на висината на царинските стапки, како резултат на измените на Законот за царинска тарифа и бесцаринскиот преференцијален увоз, Царинската управа на Република Македонија во 2003 година на име царина во Буџетот уплати средства во висина од 6,6 милијарди денари. Во 2003 година Царинската управа на име данок и акциза има собрано 18,2 милијарди денари.

Во текот на 2003 година, Царинската управа на Република Македонија по основ на враќање на царина врз основа на извршен извоз има вреатено повеќе од 350 милиони денари.

Што се однесува до остварување на планот поставен од Буџетот на Република Македонија за висината на уплатена царина тој е целосно реализиран т.е во Буџетот како царина и други царински давачки се уплатени 6,6 милијарди денари. На име данок и акцизи наплатени се 18,2 милијарди денари.




**Остварени приходи од царина во периодот 1992-2003 година во милијарди денери**

Важно е да се напомене дека вкупната сума на давачки што се наплатени во царински постапки учествуваат со една третина во Буџетот на државата. Наплатените царински приходи во 2003 година се позитивни со оглед на тоа што вредноста на увозот во реални рамки не забележа зголемување, царинските стапки во просек се намалија за 40%. Тоа е и дополнителен доказ за успешното работење на царинската служба во текот на целата година.

## ЦАРИНСКА ТАРИФА

Службата за Царинска тарифа при Царинската управа во текот на 2003 година извршуваше бројни активности кои беа врзани со Законот за царини како и Законот за Царинска тарифа.

Активноста на службата во изминатата година беше поврзана со Планот за работа во текот на месецот, каде приоритет му се даваше на правилното распоредување на стоките според Царинска тарифа по царинските испостави, особено за стоки кои можат да се тарифираат во повеќе тарифни броеви без навлегување во суштината и карактерот на производот. Во текот на извештајната година секојдневно од страна на Царинските испостави беа побарани адекватни толкувања правилното распоредувања на одредени стоки од страна на службата за Царинската тарифа.




Во текот на 2003 година службата за Царинска тарифа прими 45 барања за Задолжителна Тарифна Информација од кои 41 се решени. Што се однесува на решените предмети, истите беа решени согласно член 3 став 4 од Правилникот за начинот на издавање и употреба на Задолжителни Тарифни Информации објавен во Службен Весник на Република Македонија број 64/02.

## ЦАРИНСКА ЛАБОРАТОРИЈА

Во текот на 2003 година Царинската лабораторија анализите ги извршуваше користејќи услуги од расположливите лаборатории при институтите и производните лаборатории, Холандската Царинска лабораторија, консултации со стручни лица од одредени области, како и техничка документација за увезените стоки.

Во текот на 2003 година добиени се 701 мостра за анализа. Од нив реализирани се 547, како и 190 заостанати мостри од 2002 година, што значи дека во 2003 година, вкупно се реализирани 737 мостри.

Од вкупно реализираните 737, дадени се мислења за распоредување на стоките според Царинската тарифа, **врз основа на извршени анализи за 149 мостри** и мислења за распоредување на стоки **врз основа на (цертификат, техничка документација, органолептичка анализа, интернет податоци и стручна литература) за 588 мостри.**

Доставените мостри за анализа главно беа од областа на прехранбена, петрохемиската индустрија, пластика, хартија, дел од хемиската, текстилната и металургијата.

## ЦАРИНСКА ВРЕДНОСТ И ДАНОЦИ

Во текот на 2003 година, од страна на Службата за царинската вредност испратени се вкупно **59** барања за проверка на царинска вредност во странство.

Од странските царински служби, во текот на 2003 година, добиен е одговор на **41** барање, од кои дел се однесуваат и на барањата испратени во претходните години. Од добиените одговори позитивни се **21** предмет, негативни се **12** предмети, додека **8** одговори се однесуваат на известување дека истрагата е во тек или неможност за одговор заради непостоење на договор за царинска соработка со земјата во која е испратено барањето.

Разликата во царинска вредност која произлезе од негативно одговорените предмети изнесува околу **222.705 ЕУР** или **13.807.707 денари**. При тоа напоменуваме дека сумата на разлика во царинска вредност фактички е многу поголема, бидејќи за неколку предмети со вкупна пријавена вредност од околу **512.225 ЕУР** или **31.757.975 денари** имаме добиено одговор од странските царински органи дека таков извоз воопшто не е извршен од земјата наведена како извозник, што упатува на можни вредносни разлики.

Во однос на барањата кои странски царински служби ги упатиле до нас за проверка на царинската вредност, во текот на 2003 година, примени се вкупно **20** барања, од кои се одговорени **20** барања.

## ПОТЕКЛО НА СТОКИ




Основните задачи на Службата за потекло во 2003 година беа во согласност со пропишаната организација и тоа ја следеше и анализираше примената на правилата за потекло. Анализирајќи ги проблемите кои настануваат со примена на тие прописи и Службата предлагаше низа мерки за нивно решавање како што се измени и дополнувања на одредени подзаконски акти и оперативни упатства кои недостасуваат за правилно и законито постапување на царинските органи во спроведувањето на царинската постапка, како и нејзино надградување и модернизирање. Одделението активно учествуваше во давањете насоки и стручна помош на другите одделенија во Царинската управа, на царинарниците и другите правни и физички лица кои се учесници во царинските постапки. Претставници од одделенито присуствуваа на повеќе семинари и предавања за стручно надградување, а исто така беа вклучени и како предавачи во семинири и предавања организирани од Царинската упрва за потребите на царинските работници или за трговската заедница. Одделението имаше учество и во изработката на матерјали и информации кои се објавуваат на Интернет страницата на Царинската управа односно кои се истакнуваат на самите гранчни премини или внатрешни царински испостави.

Во 2003 година Службата активно учествуваше во работата во експертските тимови во мешовитите комисии, поткомисии и работните групи за

следење на Договорите за слободна трговија кои Република Македонија ги има склучено и тоа со Србија и Црна Гора, ЕФТА земјите, Романија, Молдавија**,** Европската унија, Хрватска, Бугарија, Турција и Словенија.

Како една од основните активности на Службата за потекло е **проверката на доказите за потекло** на стоките **издадени од странски царински органи** врз основа на барање на Царинските испостави, Секторот за контрола и истраги или директно од Службата за потекло. Исто така во овој период се добиени одговори на повеќе предмети испратени на проверка пред 01.01.2003 година. Ако се направи преглед на изминатиот четири годишен период се добива следната состојба.

| Година | Број на испратени барања за проверка до странски царински органи | Број на добиени одговори од странските царински органи | Број на негативни предмети |
|---|---|---|---|
| 1998 | 17 | 13 | 6 |
| 1999 | 34 | 31 | 10 |
| 2000 | 39 | 33 | 10 |
| 2001 | 125 | 63 | 29 |
| 2002 | 207 | 90 | 12 |
| **2003** | **470** | **82** | **21** |

Во изминатата 2003 година активно се работеше, а истиот тренд ќе продолжи за анализа на ризик на доставените предмети за проверка, со цел да се зголеми ефикасноста при работењето и да се зголеми процентот на откриени негативни предмети.

За сите негативни одговори е иницирана постапка за дополнителна наплата на царинскиот долг, известен е Секторот за контрола и истраги, дополнително е иницирана постапка за започнување на прекршочна, односно кривична постапка и известено е Одделението за анализа и ризик. Исто така голем е и бројот на **проверки на доказите за потекло издадени од царинските органи на Република Македонија** на барање на странски царински органи. Со зголемување на бројот на Договорите за слободна трговија се забележува и трендот на пораст на дополнителни проверки на доказите за потекло и од овој вид.

Со приемот на Република Македонија во Светската Трговска Организација, во рамките на Службата за потекло при Царинската управа од 01.01.2003 година започна распределбата на царински квоти, по принципот "првдојден, прв-корисник". Службата за потекло учествуваше во изготвувањето на листите на стоки, за кои е предвидена распределба на квоти за сите земји со кои Македонија има склучено Договори за слободна трговија (вкупно 10). Извештаите за дневната состојба за распределба на квоти има можност да се видат на Интернет страницата на Царинската управа и во програмата Асикуда.

Заклучно со 31.12.2003 година има поднесено 3211 барања за распределба на стоки во рамки на квоти. Од нив 3148 се одобрени, а 63 делумно одобрени.

Покрај распределба на царински квоти согласно Договорите и Спогодбите за слободна трговија, во рамките на

Службата за потекло вршена е распределба по принцип "прв-дојден, прв-услужен" на:

- количините на стоки со повластен тарифен третман врз основа на донесени Одлуки од страна на Владата на Република Македонија;
- количините на царински квоти за увоз на пченица со потекло од Србија и Црна Гора согласно Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Србија и Црна Гора и за увоз на пченица со потекло од некоја од земјите членки на Светската Трговска Организација, согласно Договорот за пристапување на Република Македонија кон Светската Трговска Организација;

Заклучно со 31.12.2003 година има поднесено 131 Барања за распределба на стоки со повластен тарифен третман. Од нив 131 се одобрени .

Заклучно со 31.12.2003 година има поднесено 103 Барања за распределба на квоти за увоз на пченица со потекло од Србија и Црна Гора, согласно Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Србија и Црна Гора и за увоз на пченица со потекло од некоја од земјите членки на Светската Трговска Организација согласно Договорот за пристапување на Република Македонија кон Светската Трговска Организација. Од нив 103 се одобрени .

Покрај распределбата на квоти по принципот "прв-дојден, прв-корисник", за некои производи распределбата се одвива по аукциски пат од страна на Министерството за економија и првата распределба успешно беше изведена во средината на јуни 2003 год. Претставник од Службата за потекло е член на комисијата за распределба и зема активно учество во истата.

## ИНТЕРНЕТ СТРАНА НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА

Царинската управа на Република Македонија, на 14 Април 2003 година ја промовира својата Интернет страна **WWW.CUSTOMS.GOV.MK**, со што стана една од водечките институции во Република Македонија во зголемување на транспарентноста во своето работење.



На Интернет страната на Царинската управа се прикажани најголем број од законските прописи, правилници и инструкции кои ги применува царинската управа во своето работење. Исто така на Интернет страната секојдневно се прикажуваат податоците за количините на распределени квоти, според системот "прв дојден, прв корисник".

Во текот на 2003 година, повеќе од 60.000 посетители ја посетија Интернет страната на Царинската управа.

## АВТОМАТСКА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИ

Секторот за информатика во текот на 2003 година беше ангажиран со одржување на тарифата со вклучување на сите измени предвидени со договорите за слободна трговија, како и со измените поради потпишување на договорот со Светската Трговска Организација што стапи во сила во месец Април 2003 година.

Во тек на месец јануари и февруари беше финализиран договорот по ТТФСЕ проектот со фирмата ЕЦС финансиран од Светската Банка за модернизирање на информациониот систем. Договорот беше потпишан во март и траеше до крајот на 2003 година. По овој договор беше унапредена техничката платформа на информациониот систем и беше изведена обука за новата база на податоци и новиот оперативен систем.

Поред овие активности во текот на целата година извршени се замени на голем дел од застарената опрема и е интервенирано за одредени проблеми и грешки во работата. Проширена е мрежата за пренос на податоци до испоставите: Делчево-граничен премин, Ќафасн, Свети Наум, Јажинце и Дојран. Пуштена е во работа царинската испостава во Слободната зона ФЕНИ. Редовно се доставувани податоци за Народна банка и Завод за статистика.

Во текот на 2003 година активиран е нов начин на работа во царинската постапка во шест царински испостави. Селективниот метод на проверка го користат царинските испостави: Куманово, Велес, Кавадарци, Охрид, Струга и Скопје Терминал-Увоз.

Постојано е давана подршка на учесниците (нови и постојни) во рамки на МакЦИС во: царинските испостави, јавните претпријатија, брзите пошти и шпедитерските претпријатија. Инсталирана е нова верзија на МакЦИС на сите нови клиенти и направена е замена на верзијата на МакЦИС на постојните клиенти.

- Замена на комуникациската опрема (рутери) со нови Cisco рутери;
- Инсталирање на сервер за пристап до МакЦИС преку телефонски линии;
- Премин од Токен Ринг на Етернет мрежа за унифицирање на мрежата;
- Припрема и конфигурирање на уредите за мисијата на КАФАО да бидат во мрежа независна од мрежата во Царинска управа;
- Изработка на софтвер за распределба и евиденција на квоти за 2003 година;
- Изработка на дефинирани извештаи кои се во состав на апликацијата за распределба на квоти;
- Доработка на модулот за евиденција на извозни ЕЦД, Т1 и ТИР;
- Вскладиштување на податоци од секојдневното ажурирање на базата за распределба на квоти и објавување на Интернет;
- За подобра евиденција во контролници изготвени се 8 нови дефинирани извештаи;
- Нови извештаи за изгубени давачки по основ на квоти;
- Нови извештаи за селективност;

- Поставување на Web сервер со Windows 2000, SQL Сервер2000 за негово полнење пред да се пушти во употреба на Интернет;
- Подесување на Web серверот за да може он-лине да се внесуваат податоците за квоти;
- За WEB страната креирање на нови и корекција на постоечки страни, посебно околу доделување на квоти;
- Учество во подготовка на нови упатства;
- Работни состаноци со одделението за анализа на ризик.
- Активирање на новиот WEB сервер на Царинска управа на Република Македонија;
- Активирање на тестен сервер за селективност;
- Изготвување на годишен извештај за распределба на квоти за 2003 година;
- Апликација за евиденција на празни камиони;

## ЦАРИНСКИ ПОСТАПКИ

Одделението за царински и даночни постапки, како такво започна да функионира во средината на месец февруари 2003 година, како резулатат на реорганизацијата во службата која е извршена согласно Правилникот за организација и работа на Царинската управа и Правилникот за систематизација на работни места на Царинската управа донесени од страна на Министерот за финансии. Оваа одделение продолжи еден дел од активностите на Одделениете за царинско правни, прекршочни, кривични и работи на застапување пред други правосудни органи, Службата за вредност и даноци и Службата за надворешно трговски систем и потекло на стоките, кои како такви постоеа со претходната организација и систематизација.

Основните задачи на оделението во 2003 година беа во согласност со пропишаната организација и тоа ја следеше и анализираше примената на законите и прописите кои се применуваат во царинската постапка, како и прописите од областа на даноците, надворешно трговското и девизното работење. Анализирајќи ги проблемите кои настануваат со примена на тие прописи и Одделението предлагаше низа мерки за нивно решавање како што се измени и дополнувања на одредени закони и подзаконски акти и оперативни упатства кои недостасуваат за правилно и законито постапување на царинските органи во спроведувањето на царинската постапка, како и нејзино надградување и модернизирање. Одделението активно учествуваше во давањете насоки и стручна помош на другите одделенија во Царинската управа, на царинарниците и другите правни и физички лица кои се учесници во царинските постапки.

Претставници од одделенито присуствуваа на повеќе семинари и предавања за стручно надградување, а истото така беа вклучени и како предавачи во семинири и предавања организирани од Царинската управа за потребите на царинските работници или за трговската заедница. Одделението имаше учество и во изработката на матерјали и информации кои се објавуваат на Интернет страницата на Царинската управа односно кои се истакнуваат на самите гранчни премини или внатрешните царински испоставиb.

## МЕЃУНАРОДНА ЦАРИНСКА СОРАБОТКА

Една од активностите на Царинската управа е и отпочнувањето и спроведувањето на проектот за техничка подршка за осовременување и развој на царинската служба преку **КАФАО-МАК Мисијата** во Република Македонија, финансирана од Европската Комисија.

Основна цел на проектот е обезбедување на техничка помош на царинската служба во Република Македонија во напорите за нејзино осовременување и создавање на целосно оперативна служба која ќе соодветствува со нормите на Европската Унија како и минималните стандарди наведени во Стандардите (Блупринтите) на Европската Комисија.

Посебен акцент во овој проект е ставен на:

- Обезбедување техничка помош за преиспитување на организацијата и структурата на царинската служба, со цел за обезбедување на ефективно раководење на царинското работење;
- Обезбедување техничка помош за развивање на стратешки деловен план врз основа на сеопфатна програма за модернизација и развој;
- Обезбедување техничка помош во изготвувањето на царинското законодавство според стандардите на Европската Унија, во која на транспарентен начин ке бидат наведени обврските и правата на царинските работници, како и субјектите кои се дел од трговијата и пошироката јавност;
- Развивање на ефективен и ефикасен царински сектор за спроведување на законот кој ќе врши откривање и спречување на сите незаконити дејствија, успешно ќе подготвува предмети за кривично гонење на прекршителите и ќе работи во согласност со минималните стандарди наведени во Стандардите на Европската Унија;
- Развивање на ефективен систем за кадрова служба кој ке го зголеми професионализмот, ќе ги подржи достигнувањата од стратешките и оперативните цели на делување на царинската служба, и ќе се базира на легислативата за вработување на Европската Унија, и
- Развивање и опремување на центар за обуки, во кој ќе бидат вработени обучувачи со полно и делумно работно време, кои со однапред здобиена обука за обучување на предавачи ќе има јасно утврдена стратегија за подобрување на работењето преку обучување на вработените во Царинската управа.

Преку оваа програма предвидена е и реализација на одредена помош во техничка опрема за подобрување на работењето, и по доставените спецификации се очекува испорака на истата во текот на 2004 година.

Една од позначајните придобивки за Царинската управа на Република Македонија е и започнатата иницијатива за реализацијата на **Проектот за интегрираното гранично управување**, финансиран со средства од програмата КАРДС, кој се реализира од страна на Царинската управа, во соработка со МВР и други надлежни државни органи.

Со овој проект предвидена е подршка на активностите за развој, имплементација и одржување на координирана стратегија за раководење и контрола на лица и стока која влегува, излегува или транзитира низ царинското подрачје преку сите гранични премини, како и спречување на недозволената трговија преку царинската линија на Република Македонија.

**Проектот ТТФСЕ** е дел од регионалната програма за олеснување на трговијата и транспортот во Југоисточна Европа, кој исто така се реализира и координира од страна на

одделението за меѓународна соработка во Царинската управа. Овој проект е резултат на заедничките напори и ангажман на Владата на Република Македонија, Светската Банка и Владата на САД за олеснување на трговијата и транспортот, а покрај нашата држава во истиот се вклучени и следниве држави: Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Романија, Србија и Црна Гора и Молдова.



Реформската компонента на проектот-институционална реформа на Царинската управа се реализира во соработка со СЕЦИ ТТФСЕ Консултантскиот тим на Царината на САД, составен од видни царински експерти, преку давање на техничка помош и пренесување на искуства за подобрување на работењето.

Трговската компонента на Проектот - развој и подршка на трговијата се реализира во соработка со Стопанската комора на Република Македонија, каде што е лоциран и националниот координатор за олеснување на трговијата. Реализацијата на оваа компонента се врши преку обуки и информирање на увозниците, извозниците, шпедитерите и сите останати учесници во трговијата, а со крајна цел олеснување на трговијата и намалување на нејзините трошоци.

Третата компонента на Проектот е Интегрираниот Царински Информативен Систем и опфаќа набавка на копмпјутерска опрема, обуки и изградба на АОП центар.

Четвртата компонента - изградба и подобрување на објектите на граничните премини опфаќа изградба на граничниот премин Табановце и реконструкција на граничните премини Деве Баир и Ќафасан.

Во организација на УСАИД реализиран е **Проектот за пристапување на Република Македонија во Светска Трговска Организација**, што претставува активност за оценка на работата на Цариснката управа, заради исполнување на неопходните стандарди за членство на Република Македонија во Светската Трговска Организација.

Во рамките на **Проектот за Интегрирано гранично управување на програмата PHARE 2000**, испорачана е техничка опрема за потребите на Царинската управа за подобрување на капаци-

тетите за контрола на националните граници.

Со помош и поддршка од Владите на Холандија, Швајцарија и Транспарентност - Македонија, обезбедена е финансиска подршка за отпочнување на кампањата и воведување на Отворената линија на Царисनката управа - 197.

Од посебно значење е меѓународната **Програма за борба против распостранување на оружјето** (за масовно уништување) како и **Програмата за контрола на извозот и граничната безбедност**, подржани од Владата на САД, во кои е вклучена и Царинската управа преку својот придонес и активно учество, од почеток на самите подготовки на проектот, се до неговата реализација.

Во рамките на меѓународната билатерална соработка, изминатата година беа остварени повеќе билатерални средби на директорско и експертско ниво, и потпишани низа протоколи за размена на **царински информативни ливчиња** со царисnките служби на соседните држави: Грција, Бугарија, Албанија и Србија како и со Царинската служба на УМНИК, се со цел за спроведување на поефикасна борба против злоупотребите во регионот, кои посебно се однесуваат на акцизните стоки.

Со помош на француската царина, во Скопје е организиран Семинар за правата на интелектуалната сопственост, а со цел за подобрување на взаемната соработка а посебно на полето на истрагите, при што беше договорено остварување на техничка соработка и за 2004 год.

Преку програмата за професионална одговорност, а со финансиска подршка на Владата на САД, овозможена е изработка на нови значки, службени легитимации, како и систем за изработка на идентификациони картички.

Од посебно значење се и активностите на одделението за меѓународна соработка во врска со постојаната непречена комуникација со **СЕЦИ Центарот за борба против прекуграничниот криминал** лоциран во Букурешт, преку следење на активностите, проследување на информациите до соодветните сектори како и пружање на подршка на претставникот на Царинската Управа на Република Македонија во Букурешт.

Во јуни 2003 година во Охрид беше одржан првиот работен **Состанок на регионалниот надзорен комитет** на ниво на генерални директори на Царински управи и национални координатори од сите држави учеснички во ТТФСЕ Програмата за олеснување на трговијата и транспортот. На овој состанок беа истакнати придобивките од досегашното работење како и областите на кои сеуште треба да се работи, во правец на меѓусебна размена на искуства, промовирање на иницијативи за справување со одредени проблеми, како и остварување поголема билатерална соработка.

Посебен акцент е ставен на :

- размената на информации како основно средство во борбата против недозволената трговија, појдовна точка за подобрување на анализата на ризик и селективност, како и значителен придонес за олеснување на трговијата во регионот;
- развивање на методот на селективност, и формирање на идентични критериуми при спроведување на селективноста во регионот;
- продлабочување на анти-корупциската иницијатива, како и начините за нејзино сузбивање по пат на меѓусебна размена на мислења, идеи, и практични искуства помеѓу државите во регионот;
- градење на подобра соработка со трговските партнери, деловните комитенти, приватниот сектор и Владата како и развој на ТТФСЕ веб-страната како една од придобивките во олеснувањето на трговијата во регионот;
- Презентирање на новиот начин на наплата на акцизните давачки

од страна на царинската служба, промовиран во употреба во Хрватска;
- Можноста за воведување на еден шалтер за пружање на помош на граничните премини, со цел за давање на дополнителни информации на сите трговски компании како и на патниците.

Во февруари минатата година во Кишињев-Молдавија се одржа седмиот **состанок на Регионалниот Управен комитет на ТТФСЕ Програмата**, на кој директорот на Царинската управам - Љубомир Михајловски, беше избран за претседавач на РУК во траење од една година.

Претставници на Царинската управа со свои активности се вклучени во Регионалниот проект за техничка соработка под името **"Изградба на капацитети за откривање и одговор на недозволена трговија со радиоактивни матерјали"** како и активнво учество на Сесијата на ИАЕА (Мегународната Агенција за атомска енергија) во Виена,

Делегација на Царинската управа активно учествуваше во работата на **Турско-македонскиот деловен форум за соработка** во Едрене-Турција и Скопје како и на Деловниот форум со стопанственици од Косово во Приштина.

Остварена е **посета на делегација од Молдавија** со цел за пренесување на искуства околу воведување на МАКЦИС-ASYCUDA системот во Царинската управа. Остварено е учество на претставници од Царинската Управа на **форумот за е-трговија** во Будимпешта - Унгарија.

Во текот на месец јуни реализирана е **работна посета** на Амбасадорот на САД во Република Македонија, Амбасадорот на САД во Република Албанија, директорот на Царинскиот Директорат на Албанија како и директорот на Царинска управа на Република Македонија на Охрид, каде присутните имаа можност да се запознаат со работењето на царинската служба во Царинската испостава Охрид, Царинската испостава Ќафасан и активностите на мобилните екипи на Царинската управа.



Во рамките на техничката подршка на Владата на САД, беше организирана и **студиска посета** на претставници од Царинската управа на Царината

на САД, за набљудување на операциите на Царината на САД за заштита на границата и размена на најдобрите постапки и искуства што можат да бидат применети како придобивка за подобрување на постапките и работењето на Царинската управа на Република Македонија.

Во рамките на програмата за техничка помош помеѓу Министерството за финансии на Холандија и Министерството за финансии на Република Македонија ,со посредство на Холандската Амбасада во Скопје, организирани се **студиски посети** на претставници од Царинската управа на Холандската Царина, со цел запознавање со нејзиниот начин и организација на работа.



Во ноември 2003 година, во Рим, беше одржан и состанок на генералните директори на Царинските управи на новите идни членки на Европската Унија и соседните земји на зголемената Унија, на тема новите европски граници како и зајакнување на царинската соработка со соседните земји.

Со поддршка на Светската Царинска Организација, во Охрид беше одржан **регионален семинар за анализа и ризик**, на кој учествуваа претставници од сите држави учеснички на ТТФСЕ проектот, на кој високо беше оценета регионалната соработка помеѓу земјите од регионот, и беше констатирано дека истата треба да продолжи и понатаму, во смисла на организирање на што поголем број обуки од ваков тип.

По повод Царинскиот празник, на 10 април 2003 година во Скопје, во организација на Царинската управа се одржа **Априлскиот Форум за борба против корупцијата**, на кој свое учество покрај Г-дин Бранко Црвенковски - Претседателот на Владата на Република Македонија свое учество преку свои излагања земаа високи дипломатски претставници, домашни и странски гости.

Главен акцент на овој форум беше ставен на организираниот криминал и корупцијата кои претставуваат проблем кој го попречуваат развојот на демократските процеси и владеењето на правото.

Со оглед на фактот што тие претсавуваат сериозна закана за стабилизацијата и демократизацијата на државите од Западниот Балкан кои претендираат за свое членство во Европската Унија, учесниците на овој форум ги изразија заедничките заложби во правец на сузбивањето на криминалот во сите сфери на неговото постоење, на законодавен начин, како и преку преземање на низа оперативни (практични) активности во согласност со меѓународните стандарди.

Земајќи ја во предвид и распространетоста на корупцијата во сите

пори на општественото постоење, претставниците на форумот посебно ги истакнаа нејзините закани врз нормалното функционирање на државната власт во смисла на:
овозможување на нелегалната трговија, отежнување на економскиот развој, намалување на приходите во државата, како и губење на довербата кај јавноста во нормалното функционирање на законодавната и извршната власт.

Основен заклучок на овој форум беше констатацијата дека искоренувањето на овие негативни појави во општеството претставуваат основен предуслов за подобрување на економската клима во државите од регионот, привлекување на странски инвестиции, како и подобрување на општата благосостојба на соседните земји.

Во декември, 2003 година во организација на Царинската управа во Скопје беше организиран и **Форум за партнерство во деловното работење помеѓу јавниот и приватниот сектор.**



На овој форум присуствуваа високи претставници од Владата на Република Македонија, повеќе министерства, д-р Ерхард Бусек - Координатор и претставници од Пактот за стабилност, претставници на странските дипломатско конзуларни претставништва во Република Македонија, Стопанска комора, како и претставници на поголемите деловни субјекти и корпорации од државата.

Основната цел за одржување на овој форум беше разгледувањето на можностите за соработка помеѓу јавниот и приватниот сектор, како основен услов за подршка на развојот на стабилното деловно работење и зачувувањето на стандардите на пазарната економија и претприемништвото.

Дискусијата на овој форум беше фокусирана на повеќе политички и институционални аспекти. Од политички аспект гледано, е заклучено дека Владата со својата подршка треба активно да се вклучи во давањето услуги на трговската заедница и претприемаштвото, треба да има суштинска улога во развојот на глобалниот пазар, дополнително да ја подобри соработката со приватниот сектор врз партнерски односи, постојано да ги има во предвид потребите на модерното производство и системите на испорака, во комбинација со новите форми на електронската трговија.

Од институционален аспект пак се дојде до заклучок дека поголемата ефикасност на царинските постапки, може значително да влијае врз економската конкурентност на државата, дека треба да се овозможи отстранување на нелојалната конкуренција, да се намали и спречи недозволената трговија, да се создаде пазарна економија и стабилно работно опкружување, како и да се олесни развојот на трговијата и услугите.

## ИСТРАГИ

Во рамките на остварувањето на функцијата на Царинската управа, Секторот за контрола и истраги во текот на 2003 година успешно ги изврши планираните задачи согласно предвидениот план и програма, како и други задачи и тековни работи кои беа поставени.

При извршувањето на задачите и работните обврски од страна на секој вработен беше вложен максимален труд и залагање за што поуспешно, стручно, квалитетно, законито и благовремено работење. Во текот на 2003 година во услови на недоволна кадровска екипираност покрај другите тековни работни обврски и задачи, во рамките на своите задолженија беа извршени следните работни задачи:

## ДЕЖУРНА СЛУЖБА

Царинската управа на Република Македонија започнувајќи од 27.11.2003 година ја отвори новата отворена телефонска линија **197**, каде граѓаните ќе можат бесплатно и анонимно да се јавуваат за било какви проблеми на царина, шверц на дрога, оружје, сива економија, мито и корупција на царина.

Отворањето на телефонската линија е поврзано со отворањето на Дежурниот оперативен центар на Царинската управа, кој е 24 часовен сервисен центар на граѓаните, кој работи во рамките на Секторот за контрола и истраги.

Во Дежурниот оперативен центар (ДОЦ) се вработени 9 оператори кои работат по 12 часа на собирање на информации од отворената царинска линија.

Во работењето на ДОЦ примени многу информации. Од нив 23 информации се проследени до Одделение за разузнавање, до Одделение за мобилни тимови се проследени 59 информации, до Одделенеие за истраги 18 информации, до Одделение за ревизија 17 информации.




Согласно законската обврска на Царинската управа за соработка со другите државни органи од добиените информации на отворената царинска линија 29 информации се испратени до Министерство за внатрешни работи, 3 информации се проследени до Управата за јавни приходи, 2 информации се проследени до Финансовата полиција, 2 информации се испратени до Комисија

за спречување корупција и 5 информации се проследени до Државен пазарен инспекторат.

## ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КОНТРОЛА И РЕВИЗИЈА

Одделението за контрола и ревизија во 2003 година работеше организирано на ниво на Царинска управа со Одделение во Царинарница Скопје, Царинарница Битола и Царинарница Куманово. Врз основа на извршени контроли и ревизии до Отсекот за царинско правни работи поднесени се вкупно 1143 предлога за дополнителна наплата на царина и царински давачки во вкупен износ од 183.903.931 денари.

## ОДДЕЛЕНИЕ ЗА РАЗУЗНАВАЊЕ

Во Одделението за разурнавање во текот на 2003 година се реализирани следните активности:

Креирана е разузнавачка база на податоци и изработен е прирачник за нејзино користење. Главна цел на оваа база е обезбедување на сите релевантни оперативни податоци кои ќе се чуваат и складираат на сигурен и безбеден начин. Во неа се складирани информации за лица, компании шпедиции, транспортни компании, превозни средства, стоки за кои постоело сомневање или за кои е докажано дека се учесници во повредувањето на законските надлежности на Царинската управа. Оваа година во базата се внесени сите записници за царински прекршоци од 2002 и 2003 година како и сите релевантни информации од отворената царинска линија.

МИСЕР - Систем за електронско известување на раководството за разузнавачки и статистички податоци

Направено е прилагодување на овој систем добиен од КАФАО-МАК во однос на потребите на Секторот. Направен е комплетен превод на системот, извештаите и подготвен е прирачник за користење на истиот. Исто така од страна на одделението за разузнавање спроведена е еднодневна практична обука на водачите на мобилните тимови за користење на овој систем во присуство на експертите од КАФАО - МАК.

### CEN (Customs Enforcement Network)

Во 2003 година овозможен е пристап до базата на информации која ја има Светската Царинска Организација, а која е искористена за царински разузнавачки цели. Во оваа база има информации за сите заплени на наркотични средства, цигари, оружје, кои земјите членки на Светската Царинската Организација ги имаат доставено. Одделението за разузнавање во 2003 година пријави 8 заплени на наркотични средства, 4 заплени на цигари и една на диви животни.

Воспоставување на врски со РИЛО (Регионална разузнавачка канцеларија за врски). На почетокот на 2003 година назначени се национални лица за контакт од Одделението за разузнавање и со тоа е овозможена побрза размена на информации на најбрз можен начин за потребите на царинската служба.

## СОРАБОТКА СО СЕЦИ ЦЕНТАРОТ

Продолжена и продлабочена е соработката со **СЕЦИ** Центарот во Букурешт и во 2003 година разменети се околу 30 барања за проверки и известувања.

## БАЛКАН-ИНФО и ЗКА

Во мај месец 2003 година вообновена е соработката со овие служба и од Одделението се назначени три лица за контакт со овие служби. Во текот на 2003 година од мај месец разменети се 39 извештаи за заплена на наркотици .

Во текот на 2003 година изработени се следниве проекти :

- Проект за автобуси;
- Транзит на акцизни стоки 2002 и 2003;
- Размена со Република Грција за акцизни стоки;
- Бетонско железо;
- Часеви;
- Дрвена граѓа;
- ЦД со случеви од заплени за 2003 година за потребите на медиумите;

и реализирани се следниве обуки:

- Специјализирани обуки од кАФАО-МАК мисијата;
- Полиферација на оружје за масовно уништување-Унгарија;
- Спречување на криумчарење со радиоактивен и нуклеарен материал-Романија;
- Компјутерско - финасов криминал-Романија
- Експертски состанок за оформување на информативна база во СЕКИ центарот-Романија;
- Обука за тренери за борба против трговија со луѓе-Романија;
- Полиферација на оружје за масовно уништување-Скопје;
- Студиска посета на Царина во Финска;
- Проценка на ризик и разузнавање-Охрид;

## ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИСТРАГИ

Во текот на 2003 година Одделението за истраги ги има завршено следните работни задачи:

1. Поднесени дваесет и седум кривични пријави согласно со одредбите од Кривичниот закон.
2. Поднесени три прекршочни пријави согласно со одредбите од Царинскиот закон.
3. Поднесена една кривична тужба - субсидијарен обвинителен акт согласно со одредбите од Кривичниот закон.
4. Асистенција во приготвување и поднесување на кривична пријава согласно со одредбите од Кривичниот закон во ЦИ Делчево.
5. Изготвени сто и пет дописи до Одделението за ревизија и контрола како одговор на нивни барања за проверка на фактури, сертификати за движење ЕУР-1.
6. Изготвени сто триесет и шест дописи до Carински служби во странство со барања за доставувања на информации по различен основ како на пример проверка на фактури,проверка на ЕУР -1 ,доказ за стварно платена вред-

ност на стоки итн.како и одговор по барања на странски Царински служби.

7. Поднесени сто триесет и два предлози за дополнителна наплата на царински и други давачки согласно со чл. 175 ст. 1 ал. 3 од Царинскиот закон во вкупен износ од 20.886.170 денари.
8. Изготвени деветнаесет извешти за извршена дополнителна контрола согласно со чл. 74 од Царинскиот закон во различни фирми.
9. Изготвени три извештаи за контрола на валидност на уплатници ПП50 образец за уплата на царински и други давачки.
10. Изготвени четири извештаи за извршена контрола на наплата на увозни давачки при увозно царинење на поволни моторни возила од страна на физички лица за периодот 2002 година.
11. Изготвен извештај за извршена контрола на увоз на стоки со користење на решенија за одобрени царински контингенти за периодот 2002 година.
12. Изготвени дванаесет извештаи за извршена контрола на потврдите за сообразеност на единечно прегледани возила,при увоз на патнички моторни возила од страна на физички лица.
13. Изготвени седумдесет и три одговори на поднесени барања по различни основи од страна на МВР.
14. Изготвени четири извештаи до Секторот за царинско правни работи за извршени истраги по нивно барање.
15. Изготвени шест извештаи за извршена контрола на ЕЦД за транзит.
16. Изготвени шеснаесет извештаи за извршени контроли и истраги по разни основи а на барање од Царинарници или останати Одделенија при Царинската управа како и за одржани состаноци на работни групи.
17. Изготвен извештај до Британска Амбасада и до Бугарска Амбасада како одговор на нивни барања.
18. Превземени оперативни дејствија за пријавени шест случаи на откривање на пратки со сомнителна содржина односно наркотични супстанции,при што во два случаи се примени институтот контролирана пратка еден при извоз на писмоносна пратка во Америка во координација со Американската Амбасада и втор при увоз на писмоносна пратка во Македонија во координација со органите на МВР.
19. Учество во меѓународни операции CONTAIMENT во периодот од 20.04.-26.04.2003г,18.05.-24.05.2003г. и 29.05.-05.06.2003г. како дел од борбата против организираниот криминал со дрога како и операцијата МИРАЖ во периодот 01.09.-07.09.2003г. и 15.09. - 21.09.2003 г. како дел од борбата против трговијата со луѓе и илегалната миграција а во организација на СЕКИ Центарот во Букурешт.
20. Учество на најмалку десет семинари-обуки организирани и спроведени од тимот КАФАО како и на СЕКИ Центарот. Спроведена обука на два инспектори од Одделението во ИЛЕА-Бидимпешта.

## МОБИЛНИ ТИМОВИ

Во текот на 2003 година Мобилните тимови ги изврши следниве работи и работни задачи искажани во следниот табеларен преглед:

| | Прекршоци | Вредност на стока | Избегнати давачки | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Јануари | 8 | 2.353.471 | 1.059.062 | 3.412.533 |
| Февруари | 30 | 1.927.884 | 897.987 | 2.825.871 |
| Март | 36 | 1.463.277 | 658.474 | 2.121.751 |
| Април | 6 | 6.575.066 | 2.143.488 | 8.718.554 |
| Мај | 29 | 1.540.289 | 715.666 | 2.255.955 |
| Јуни | 20 | 4.008.335 | 1.105.781 | 5.114.116 |
| Јули | 25 | 1.295.748 | 1.265.212 | 2.540.039 |
| Август | 3 | 453.606 | 205.640 | 659.246 |
| Септември | 9 | 7.072.648 | 3.972.188 | 11.096.836 |
| Октомври | 6 | 501.980 | 202.543 | 704.523 |
| Ноември | 13 | 1.240.678 | 415.702 | 1.656.380 |
| Декември | 22 | 1.664.094 | 835.442 | 2.499.536 |
| **ВКУПНО** | **207** | **30.128.155** | **13.477.185** | **43.605.340** |

Во текот на 2003 година покрај погоре наведените работи и задачи, од страна на Секторот за контрола и истраги извршени се и повеќе други придружни работи и активности, остварен е личен контакт со странки заради размена на различни информации, како и услуги во делокругот на работењето на Секторот за контрола и истраги.

# ПОДАТОЦИ ЗА ЗАПЛЕНЕТИ ЦИГАРИ

| Година | Количина (парче) |
|---|---|
| 2000 | 743.200 |
| 2001 | 519.200 |
| 2002 | 750.600 |
| 2003 | 14.933.600 |






# ПОДАТОЦИ ЗА ЗАПЛЕНЕТА ДРОГА - 2003

| | Дата | Царинска Испостава | Рута | Вид на дрога | Количина |
|---|---|---|---|---|---|
| 2003 | 08.01.03 | Пошта Скопје | CA-MK | Канабис | 3 g |
| 2003 | 08.01.03 | Пошта Скопје | CA-MK | Синтетичка | 6 таблети |
| 2003 | 11.02.03 | Аеродром Скопје | GR-MK | Кокаин | 6 kg |
| 2003 | 05.03.03 | Деве Баир | TR-MK | Хероин | 1,04 kg |
| 2003 | 26.03.03 | Делчево | TR-MK | Хероин | 1,977 kg |
| 2003 | 27.03.03 | Деве Баир | TR-MK | Хероин | 0,5 kg |
| 2003 | 14.04.03 | Ќафасан | UK-MK | Канабис | 34 kg |
| 2003 | 10.06.03 | Богородица | MK-UK | Канабис | 80 kg |
| 2003 | 14.11.03 | Ќафасан | AL-MK | Хашиш | 41,89 kg |







**ОБУКИ**

Во 2003 година беа одржани многу семинари, организирани со помош на меѓународните организации, како што се СЕКИ ТТФСЕ Центарот, КАФАО МАК, Пактот за Стабилност, Свеетската Царинска Организација, Меѓународната Агенција за Атомска Енергија и Институтот Евро-Балкан - Скопје.

Во групата на обуки реализирани со помош на СЕКИ ТТФСЕ Центарот спаѓаат: Анализа на ризик, Техники за интервјуирање и испрашување, Методи на истраги, Правила за прибирање на доказни материјали и утврдување на ризик и разузнавање.

КАФАО МАК во голема мера придонесе за развојот на Царинската управа на Република Македонија, преку организирање на следниве обуки: Борба против шверцување, Обработка на информации, Постапки во Дежурниот Оперативен Центар, со практична обука за улогата, работа со отворената телефонска линија, снимање и анализирање на информациите и пишување на извештаите и Идентификација на дрогата.

Потребно е да се спомене и помошта од страна на Пактот за стабилност поврзана при организирање на работилницита: Спречување и решавање на трговските спорови поврзани со нетрговските бариери и царинска координација во Југоисточна Европа.

Меѓународната агенција за атомска енергија обезбеди помош за организирање на регионален пилот курс за нуклеарен тероризам и нелегална трговија со радио-активни матерјали.

Царинската управа на Република Македонија во соработка со Секретаријатот на Светската Царинска Организација и со финансиска помош од јапонската администрација, реализира семинар за хармонизација на непреференцијалните правила за потекло.

Во текот на 2003 година во соработка со Агенцијата за државни службеници во соработка со Институтот Евро Балкан - Скопје, во рамките на Проектот - Системот на јавната администрација и државна служба, организира 10 работилници во Скопје и во Охрид, а со цел за запознавање на државните службеници со теми непоредно врзани за суштинските прашања и карактеристики на организацијата на власта, системот на јавната, односно државната администрација во Република Македонија, управната постапка, буџетскиот и даночниот систем и Европската унија.

**ПРОФЕСИОНАЛНА ОДГОВОРНОСТ**

Со цел да се зголеми професионалната одговорност и интегритетот на Царинската управа, во февруари 2003 година формирано е Сектор за професионална одговорност, кој во себе ги инкорпорира Одделението за внатрешна инспекција и Одделението за внатрешни истраги.

Мисијата на секторот за професионална одговорност е да делува превентивно, да детектира и елиминира непрофесионално однесување, измами, загуби, злоупотреби и погрешно раководење во рамките на Царинската управа.

Секторот за професионална одговорност прибира информации за незаконито постапување преку отворена теле-

фонска линија, користи разни техники на набљудување и следење во согласност со законот, и развива доверливи контакти со субјектите во меѓународната трговија.

Врз основа на објективно прибраните факти и докази, Секторот подготвува службени извештаи (службени белешки за интерна употреба и службени информации за интерсекторска комуникација и комуникација со дисциплинската комисија), како поддршка за наводите за сторен царински прекршок.

Во јуни 2003 година, од страна на советодавниот тим на Царината на САД, беше изведена обука специјално наменета за потребите на новоформираниот Сектор за професионална одговорност.

